ГОРДАНА
СИЉАНОВСКА-ДАВКОВА

## САКАН МОЈ НАРОДЕ! ДРАГИ СОГРАЃАНИ, ДРАГИ ПРИЈАТЕЛИ!

Стоиме пред сериозен предизвик, Македонија каква што ја знаеме и каква што ја посакуваме исчезнува пред нашите очи! Пред да го направите изборот на 21-ви Април, прашајте се: „Дали е ова земјата во која сакате да живеат Вашите деца? Дали оваа власт ги исполни ветувањата? Дали оваа власт воопшто се држи за зборот што го дала? Дали можеме со мирно срце да и ја препуштиме целата моќ на оваа гарнитура, која кажува, заборава и негира?"

Среќавајќи се со Вас во текот на кампањата постојано слушав дека политичарите како никогаш порано го изгубиле контактот со стварноста! Како никогаш порано ги заборавија грижите на обичните граѓани, додека ја приватизираат и распродаваат државата! Како никогаш порано сме понижени и обесправени и како поединци и како народ!

## САКАМ ДА ГО ПРОМЕНАМ ТОА И ЗАТОА МИ Е ПОТРЕБНА ВАШАТА ПОМОШ!

Ве повикувам да се здружиме околу оние цивилизациски вредности кои се водилка за сите модерни нации! Да излеземе од овој темен вилает во кој и надежта дигнала раце од нас!

Да воспоставиме право и правда за Македонија и во Македонија! Тоа и го должиме на Татковината! Бидејќи таа не ни припаѓа само нам, таа ни е залог од предците и влог во иднината на нашите деца и внуци! Сега сме и потребни на Македонија!

Се обврзувам пред Вас, давам збор, давам беса, дека интересите на Македонија и на граѓаните ќе бидат единствениот компас кој ќе ме води низ разбрануваните води на меѓународната политика! Не, малите држави и народи не мораат да трпат! Не, ние располагаме со еднакви права, суверенитет и слобода како и сите други народи во светот! Не сакаме да живееме како луѓе и како народ од „втор ред" за кои ќе важат специјални правила и исклучоци!

Сега е моментот заеднички да свртиме нова страница на историјата, на историјата која е врзана со историските идеали, борби и постигнувања на нашите предци, од Илинден, преку одлуките на АСНОМ во 1944 година, до референдумот од 8-ми Септември 1991, а не договарана и преговарана, ревидирана и фалсификувана заради задоволување на туѓи, а не на нашите национални и витални интереси. Да се запрашаме: „Каде оди нашата држава, Република Македонија, и каде сакаме да стигнеме?" Во име на сите кои го дале животот за оваа намачена земја, и во име на сегашните и идни генерации, да завртиме нов лист во начинот на водење на нашата држава, да се собереме околу бајракот на слободата, правдата и правото.

***ВИ ВЕТУВАМ дека:***

- Ќе ја остварам програмата која ја понудив на овие избори и ќе докажам дека е можно одговорно лидерство,
- Ќе се водам од европските вредности и ќе се залагам за реформи врз основа на знаење, стручност и чесност,
- Ќе обезбедам национално единство преку дијалог и меѓусебно разбирање,
- Ќе Ве претставувам насекаде како народ кој го цени своето национално достоинство и културни вредности.

***СИТЕ ЗАЕДНО СМЕ ИСПРАВЕНИ*** пред прашањето: „Ќе бидеме ли пасивни сведоци на разнебитувањето на единствената татковина што ја имаме или ќе бидеме одговорни и активни учесници во одлучувањето за сегашноста и иднината на Македонија?"

***Одговорот е еден! Да се ОБЕДИНИМЕ околу визијата за:***

- Македонија во која владеат Правото, Правдата и Моралот, а не волјата на Владетелот!
- Македонија како земја на достоинствени граѓани, кои живеат во мир, безбедност, хармонија и благосостојба!
- Македонија како членка на НАТО и ЕУ која споделува највисоки вредности и стандарди!

***Јас, Гордана Сиљановска-Давкова, Ве повикувам сите, граѓанки и граѓани кои се препознавате во овие вредности, заеднички да се избориме и да се заложиме за Република Македонија која нема да биде посрамена и чии граѓани ќе живеат и ќе се борат достоинството и правдата да станат реалност.***

***ДА ЖИВЕЕ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА!***

**#ПравдазаМакедонија!**

**#ТатковинатаПовикува!**

**проф. д-р Гордана Сиљановска-Давкова**